# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 280** **25 ноември 2020, среда** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3762. | **Одлука** за помилување на осудени лица.................................................... | 3 |
| 3763. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија................. | 3 |
| 3764. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Велес... | 4 |
| 3765. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија............................................. | 4 |
| 3766. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. заменик-координатор на Националниот координативен центар за гранично управување............. | 4 |
| 3767. | **Решение** за разрешување од должноста член на Националната комисија за учебници................................. | 5 |
| 3768. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони......................... | 5 |
| 3769. | **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности................................................. | 5 |
| 3770. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.... | 5 |
| 3771. | **Решение** за избор на в.д. заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности..................... | 5 |
| 3772. | **Решение** за отповикување од должноста директор на Културно – информативниот центар во Тирана, Република Албанија.......................... | 6 |
| 3773. | **Решение** за именување директор на Културно–информативниот центар во Тирана, Република Албанија....... | 6 |

Стр.

3774. **Решение** за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево........................................ 6
3775. **Решение** за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје........................................ 6
3776. **Решение** за именување член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука........... 7
3777. **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.... 7
3778. **Решение** за именување в.д. заменик на директорот на Центарот за управување со кризи......................... 7
3779. **Решение** за именување национален координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија........................................ 7
3780. **Решение** за разрешување од должноста генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.................................................. 7
3781. **Решение** за именување генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија......................... 8
3782. **Правилник** за начинот и постапката на спроведување на стручниот испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар.................................................. 8
3783. **Правилник** за изменување на Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер.................................. 14
3784. **Правилник** за изменување на Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето....................... 17
3785. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за вршење осигурително брокерски работи................................................ 22
3786. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување...................................... 26

Стр.

3787. **Правилник** за изменување на Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности.............................. 30
3788. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 30
3789. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 34
3790. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 38
3791. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 42
3792. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 46
3793. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 50
3794. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 53
3795. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 57
3796. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 61
3797. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 65
3798. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 69
3799. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 73
3800. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 77
3801. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија..................... 81

Стр.
3802. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија...................... **84**
3803. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија...................... **88**
3804. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија...................... **92**
3805. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија...................... **96**

Стр.
3806. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија...................... **100**
3807. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија...................... **104**
3808. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија...................... **108**
3809. **Одлука** за изменување на Одлуката за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија...................... **112**
**Огласен дел**...................................... **1-60**

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3762.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеа 9 од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/1991, 1/1992, 31/1998, 91/2001, 84/2003, 107/2005, 3/2009, 49/2011, 6/2019) согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и бр. 99/16), Претседателот на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА**

I

Делумно се ослободуваат од понатамошно извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. ИЛДИРАИ ШАБЕДИН КАМБЕРОВСКИ од Крива Паланка, во траење од 5 месеци.
2. АЦО ДОНЕ НИКОЛОВСКИ од Скопје, во траење од 6 месеци.
3. САЛИХ НАЗИФ КУЈОВИЌ од Скопје, во траење од 3 месеци.
4. САШО АРИТОН ДИМИТРИОСКИ од Скопје, во траење од 3 месеци.
5. ФУАД ФЕВЗИ ЈУСУФИ од Скопје, во траење од 3 месеци.

II

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1409/1 | Претседател на Република |
| 25 ноември 2020 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски,** с.р. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3763.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија му престанува користењето на недвижна ствар – деловни простории во вкупна површина од 2362,45 м2, во зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, број 1, која се наоѓа на Плоштад „Пресвета Богородица“ број 3 во Скопје, на КП 12145/1, КО Центар 1, запишани во Имотен лист со број 113271, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

- Дел од површина во зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 15,45 м2 (Канцеларија број 5);
- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К5, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 408 м2;
- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К5, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Х, со внатрешна површина од 208 м2;
- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К5, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 59 м2;

- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К6, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Х, со внатрешна површина од 201 м2;
- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К6, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 440 м2;
- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К6, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 42 м2;
- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К7, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 43 м2;
- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К7, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 784 м2;
- Зграда 1, намена на зграда и друг објект В1-3, влез 2, кат К7, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Х, со внатрешна површина од 162 м2.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на времено користење од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука без надоместок на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-10881/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3764.**

Врз основа на член 85 став (5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Член 1

Со оваа одлука на Општина Велес се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, на ГП.бр 47.7, кое претставува КП.бр.5264 за КО Велес, со површина од 4.172м2, градежно изградено земјиште, запишано во Имотен лист бр.34674, согласно Извод од план, Детален урбанистички план за дел од УБ 32 во УЕ IV и дел од УБ 47 во УЕ IX, КО Велес, бр.13-3573/2 од 28.9.2020 година донесен со Одлука бр.25-2146/12 од 12.6.2020 година од Советот на Општина Велес, за изградба на објект со класа на намена Б2-големи трговски единици.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-10953/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3765.**

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2007 и 104/2015), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ТЕТОВО

1. На Јованка Ѓорѓеска и се утврдува престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Тетово, поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 24.12.2020 година.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 10158/2
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3766.**

Врз основа на член 56 став 9 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/2010, 41/2014, 148/2015, 55/2016 и 64/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ЗАМЕНИК-КООРДИНАТОР НА НАЦИОНАЛНИОТ КООРДИНАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ

1. Од должноста вршител на должноста заменик - координатор на Националниот координативен центар за гранично управување се разрешува Дејан Ампев, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 10498/2
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3767.**

Врз основа на член 7 од Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012, 24/2013, 120/2013, 29/2014, 146/2015, 217/2015, 30/2016 и 21/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕН НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ**

1. Од должноста член на Националната комисија за учебници, од редот на високообразовните и научни установи од областа на општествено-хуманистичките науки, се разрешува доц. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, на нејзино барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 10551/2
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3768.**

Врз основа на член 19 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/2010, 127/2012, 41/2014, 72/2015, 129/2015, 173/2015, 192/2015, 217/2015, 30/2016 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

1. Олимпија Христова Заевска се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

2. За член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, се именува Ширет Елези.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 10607/2
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3769.**

Врз основа на член 12 став 2 и член 14 став 1 алинеа 8 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

1. Од должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, се разрешува Муса Ибраими, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 10876/2
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3770.**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016, и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

1. Од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи се разрешува Зеќир Јакупоски, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 10890/2
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3771.**

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗБОР НА В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

1. За вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, се избира Арбен Ќерими.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 11096/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3772.**

Врз основа на член 60-а од Закон за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2006, 107/2008, 26/2013, 39/2014, 61/2015 и 226/2015), член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019) и член 2 од Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање Културно-информативни центри во Република Северна Македонија и Културно-информативни центри во Република Албанија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА КУЛТУРНО – ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР ВО ТИРАНА, РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**

1. Златко Ориѓански се отповикува од должноста директор на Културно – информативниот центар во Тирана, Република Албанија.

2. Ова решение влегува во сила со со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 11098/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3773.**

Врз основа на член 60-а и член 60-б од Закон за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2006, 107/2008, 26/2013, 39/2014, 61/2015 и 226/2015), член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2019) и член 2 од Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за основање Културно-информативни центри во Република Северна Македонија и Културно-информативни центри во Република Албанија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА КУЛТУРНО – ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР ВО ТИРАНА, РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**

1. За директор на Културно – информативниот центар во Тирана, Република Албанија, на предлог на министерот за култура, се именува Златко Ориѓански.

2. Правата и обврските од работен однос, именуваниот ќе ги остварува во министерството за култура.

3. Ова решение влегува во сила со со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 11099/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3774.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2007 и 104/2015), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА КИЧЕВО**

1. За државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Кичево се именува Назим Сулејмани.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 11101/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3775.**

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2007 и 104/2015), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА СКОПЈЕ**

1. За државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје се именува Авдиљ Јонузи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20– 11103/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3776.**

Врз основа на член 34 од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 275/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

1. Сеадет Јусуфи се именува за член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука, од редот на стручните работници вработени во Центарот за стручно образование и обука.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 11104/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3777.**

Врз основа на член 19 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

1. Од должноста заменик на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување се разрешува Екрем Зендели, поради именување на друга функција.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 11105/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3778.**

Врз основа на член 26 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016, и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

1. За вршител на должноста заменик на директорот на Центарот за управување со кризи се именува Екрем Зендели.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 11106/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3779.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 ноември 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТОР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ПЛАТФОРМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД НЕСРЕЌИ И КАТАСТРОФИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За национален координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Северна Македонија се именува Зоран Петров.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20 – 11210/1
20 ноември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**3780.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. На негово барање д-р Драги Рашковски се разрешува од должноста генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20 – 11277/1 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**3781.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 ноември 2020 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија се именува Мухамед Зеќири.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 20 – 11278/1 | Претседател на Владата |
| 24 ноември 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**3782.**

Врз основа на член 158-б став (1) точка 4) и член 158-ѕ точка (1) а во врска со член 154 став (21) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 88/13, 43/14, 12/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/2018 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19 и 31/20), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 17.11.2020 донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ПОТРЕБЕН ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката на спроведување на стручен испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар (во натамошниот текст: стручен испит) од Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенција).

II. НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 2

(1) Наставната програма за спроведување на Стручниот испит се состои од следните предмети:

1. Веројатност и статистика;
2. Финансиска математика;
3. Стохастичко моделирање;
4. Економија;
5. Модели на доживување;
6. Актуарска математика I;
7. Актуарска математика II;
8. Управување со инвестиции и средства;
9. Осигурување на живот;
10. Неживотно осигурување;
11. Социјално и пензиско осигурување;
12. Здравствено осигурување;
13. Сметководство во осигурувањето;
14. Регулатива од областа на осигурувањето; и
15. Професионализам и етика.

(2) Деталната содржина, фондот на часови, прописите и литературата за секој од предметите во рамки на Наставната програма од став (1) на овој член ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата и истата се објавува на веб страницата на Агенцијата.

III. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 4

(1) Постапката за спроведување на Стручниот испит се состои од:

1. спроведување на обука за предметите од Наставната програма,
2. спроведување на испити по предметите од Наставната програма, и
3. оценување и објавување на резултатите од испитите по предметите од Наставната програма.

(2) Стручниот испит се спроведува врз основа на констатирана потреба од страна на Агенцијата.

(3) За констатирање на потреба за спроведување на стручен испит, Агенцијата најмалку еднаш на две години, на својата веб станица објавува соопштение со кое ги повикува заинтересираните лица да го пријават својот интерес за учество на обука и полагање на стручен испит за актуар.

III.1. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА

**Предавачи (едукатори)**

Член 5

(1) Обуката за предметите од Наставната програма ја спроведуваат предавачи (едукатори) ангажирани од Агенцијата.

(2) За едукатор може да биде ангажирано лице кое има завршено трет циклус – докторски студии од соодветната област за која спроведува предавање и/или лице кое е признат стручњак од праксата, од земјата и од странство и кое има работно искуство од најмалку десет години од соодветната област за која спроведува предавање.

(3) Изборот на предавачи (едукатори) го врши Агенцијата врз основа на критериуми утврдени од страна на Советот на експерти на Агенцијата.

(4) Списокот на избрани предавачи (едукатори) се објавува на веб страницата на Агенцијата.

(5) Предавачите (едукаторите) имаат обврска да реализираат обука (предавање) по предметот за кој се избрани од страна на Агенцијата согласно Наставната програма за полагање на стручниот испит.

(6) Предавачите (едукаторите) имаат обврска да реализираат обука (предавање) според Распоред утврден од страна на Агенцијата.

(7) Предавачите (едукаторите) имаат обврска да изготват испитни прашања и да извршат оценување на испитните материјали.

(8) Предавачите (едукаторите) имаат право на паричен надоместок кој го утврдува Советот на експерти на Агенцијата. Износот на паричниот надоместок кој се исплатува за еден едукатор не смее да го надминува износот на пет просечни плати исплатени во Република Северна Македонија во претходната година објавено од Државниот завод за статистика.

**Услови за учество на обука и полагање на стручен испит**

Член 6

Право на учество на обука и полагање на стручен испит има лице кое има завршено четиригодишно високо образование VII/1 или кое студирал според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).

**Оглас за организирање на обука и полагање на стручен испит**

Член 7

(1) Агенцијата со оглас во дневен печат и на својата веб страна ги известува заинтересираните кандидати за организирање на обука и стручен испит како и за времето и местото на одржување на обуката и стручниот испит.

(2) Обуката и стручниот испит ќе се спроведе доколку на огласот се пријават минимум пет кандидати.

**Надомест за учество на обука и полагање на стручен испит**

Член 8

(1) За посетување на обуката и полагање на стручниот испит, кандидатите плаќаат надомест во висина на реалните трошоци за спроведување на обуката и испитот.

(2) Висината на надоместот за посетување на обуката и полагање на стручниот испит е утврдена во Тарифникот на Агенцијата.

**Пријава за учество на обука и полагање на стручен испит**

Член 9

(1) Врз основа на објавен оглас од страна на Агенцијата, за посетување на обуката и полагање на стручниот испит заинтересираните кандидати до Агенцијата поднесуваат пријава за учество на обука и полагање на стручен испит на образец Пријава дадена во Прилог 1 од овој правилник.

(2) Кон пријавата од став (1) на овој член, заинтересираните кандидати се должни да достават:

1. Диплома/Уверение за завршено високо образование (во оригинал, или заверено од нотар);

2. Лична карта (пасош – за странски државјани) - на увид и

3. Доказ за платен надомест за учество на обуката и полагање на испитите.

(3) Доколку кандидатот школувањето го завршил во странство потребно е кон пријавата да достави Диплома/Уверение за завршено високо образование издадена од образовна институција акредитирана во странство заедно со документ за признавање на странската универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија.

(4) Доколку личното име и презиме на лицето на документот од став (2) точка 1 не е идентично со личното име и презиме на лицето наведено во документот од став (2) точка 2, потребно е кон пријавата лицето да приложи и извод од матична канига на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме.

(5) На кандидатите кои ги исполнуваат условите за учество на обука и полагање на стручен испит, Агенцијата им издава решение за исполнување на условите за учество на обука и полагање на стручен испит.

**Спроведување на обука и полагање на стручен испит**

Член 10

(1) Обуката за предметите од Наставната програма се спроведува согласно Распоред на предавања утврден од страна на Агенцијата.

(2) Обуката може да се спроведе со физичко присуство на предавачите (едукатори) и кандидатите или он-лајн со користење на соодветна платформа.

(3) Начинот на спроведување на обуката согласно став (2) од овој член пред почетокот на обуката го утврдува Агенцијата и за истиот ги информира кандидатите во огласот за спроведување на обуката и стручниот испит.

## III.2. ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

**Комисија за спроведување на Стручниот испит**

Член 11

(1) Стручниот испит го спроведува Комисија за спроведување на Стручниот испит (во натамошниот текст: Комисија), којашто ја формира Советот на експерти на Агенцијата.

(2) Комисијата се состои од 5 (пет) члена од кои се избира: претседател, заменик претседател и секретар на Комисијата.

(3) За член на Комисијата може да биде избрано лице од редот на вработените административни службеници во Агенцијата.

(4) Комисијата по нејзиното формирање донесува Деловник со кој се пропишува начинот на работа на Комисијата.

(5) Комисијата е должна при спроведувањето на Стручниот испит да гарантира за доверливост на информациите.

(6) Членовите на Комисијата за својата работа имаат право на паричен надомест кој го утврдува Советот на експерти на Агенцијата.

**Упатство за спроведување на испитите**

Член 12

(1) Испитите по предметите од Наставната програма се полагаат писмено.

(2) Постапката за спроведување на испитите по предметите од Наставната програма како и останати стручно-технички прашања поврзани со испитите и работата на Комисијата, детално се пропишуваат со Упатство кое на предлог на Комисијата го донесува Советот на експерти на Агенцијата.

## III.3. ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТИТЕ

**Оценување на кандидатите**

Член 13

(1) Предавачот (едукаторот) од соодветната област, за секој кандидат, го бодува постигнатиот успех по спроведениот испит.

(2) Кандидатот успешно го положил спроведениот испит доколку остварил најмалку 70% од можните бодови на испитот.

(3) Комисијата, за секој кандидат, и за секој предмет поединечно, го оценува описно постигнатиот успех за секој спроведен испит, и тоа со: „Положил“ , односно „Не положил“.

(4) Кандидатот кој не го положил успешно испитот од некој предмет, може само еднаш да го повтори полагањето на испитот по истиот предмет.

(5) Кандидатот кој два пати едноподруго не го положил испитот од еден предмет, го губи правото да ги полага преостанатите испити, но успешно положените испити му се признаваат при следно спроведување на Стручниот испит.

(6) За положените испити од ставот (5) на овој член, Агенцијата на предлог на Комисијата му издава потврда на кандидатот.

**Објавување на резултати и приговор до Агенцијата**

Член 14

(1) Агенцијата на својата веб страна, за секој спроведен испит, ќе објави листа на кандидати кои го положиле испитот.

(2) Кандидатот кој не го положил испитот, како и кандидатот кој смета дека одговорите не му се соодветно бодувани, може да изврши увид во својот испит и да испрати писмена забелешка (приговор) до Агенцијата во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на листата на кандидати согласно став (1) на овој член.

(3) Доставените писмени забелешки (приговори) ги решава Комисијата најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на прием на забелешките (приговорот) по што за донесената одлука го известува кандидатот кој ја доставил забелешката

(4) По завршување на секој од испитите по предметите од Наставната програма, Комисијата составува Записник кој содржи:

1. Назив на предметот и траење на обуката;
2. Датум и место на одржување на испитот;
3. Име и презиме на кандидатите кои го полагале испитот со постигнат резултат за секој кандидат; и
4. Датум на составување на записникот и потпис на претседателот и членовите на Комисијата.

(5) Комисијата го усвојува Записникот од став (4) на овој член во рок од 15 дена од денот на истек на рокот за поднесување на забелешки (приговор) утврден во став (2) на овој член.

(9) На предлог на Комисијата, Агенцијата на својата веб страна објавува официјална листа на кандидати кои го положиле испитот.

Член 15

Стручниот испит се смета за положен доколку кандидатот успешно ги положил испитите по сите предмети од Наставната програма.

**Уверение за положен Стручен испит**

Член 16

(1) Врз основа на Извештај на Комисијата, Агенцијата издава Уверение за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар на кандидатот кој успешно го положил стручниот испит во смисла на член 15 од овој правилник, во рок од 30 дена од денот кога е утврдено дека стручниот испит е положен.

(2) Уверението за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар содржи:

1. Полно име и презиме на кандидатот;
2. Година и место на раѓање на кандидатот;
3. Датумот на полагање на стручниот испит;
4. Број и датум на издавање на Уверението за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар;
5. Име, презиме и потпис на Претседателот на Комисијата и
6. Име, презиме и потпис на Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(3) Формата и содржината на Уверението за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар, испечатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо, е пропишана со посебен Образец: “Уверение за положен стручен испит потребен за добивање дозвола за овластен актуар” кој е даден во Прилог 2 од овој правилник и е негов составен дел.

(4) Агенцијата води евиденција за кандидатите кои успешно го положиле Стручниот испит.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со денот на влегување со сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за спроведување на стручен испит за актуар (“Службен весник на Република Македонија” бр. 143/2014).

Бр. 01-734/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ПРИЛОГ 1 – Образец Пријава актуар**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## ПРИЈАВА[1]

## ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ПОТРЕБЕН ЗА РАБОТА КАКО ОВЛАСТЕН АКТУАР

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со пријавата** | |

Се пријавувам за учество на обука и полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар. Кон пријавата ја приложувам документацијата согласно членот 9 став (2) од Правилникот за начинот и постапката на спроведување на стручниот испит потребен за добивање на дозвола за работа како овластен актуар и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | Документ за лична идентификација – на увид[2] |
| 2. | Диплома или Уверение за завршено високо образование издадена/о од образовна институција акредитирана во Република Северна Македонија (во оригинал, или заверено од нотар)[3] |

---

[1] Се препорачува Пријавата да се пополнува електронски. Електронска верзија на Пријавата може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Пријавата не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[2] Доколку личното име и презиме на лицето на документот за лична идентификација не е идентично со личното име и презиме на лицето наведено во документот од точка 2, лицето е должно да приложи и Извод од матична канига на венчани односно Решение за промена на личното име односно презиме.

[3] Доколку кандидатот школувањето го завршил во странство потребно е кон пријавата да достави Диплома/Уверение за завршено високо образование издадена од образовна институција акредитирана во странство заедно со документ за признавање на странската универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Северна Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Со поднесување на оваа пријава изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи оваа пријва, како и целата документација која ја доставувам кон пријавата, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во оваа пријава, како и во документацијата доставена во прилог кон оваа пријава, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата.**

**Се согласувам моите лични податоци содржани во оваа пријава да се користат за целите на полагање на стручен испит потребен за работа како овластен актуар согласно Законот за супервизија на осигурување.**

**Датум и место на поднесување** **Потпис на подносителот на пријавата**

**_____.______20____ година** __________________________________

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ПРИЛОГ 2- Образец Уверение за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар**

**Република Северна Македонија**
**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

# УВЕРЕНИЕ
## за положен стручен испит потребен за работа како овластен актуар

Лицето

______________________________________________________________

(Име, презиме, датум и година на раѓање)

на ________________година го положи стручниот испит потребен за работа како овластен актуар.

**Број УП______________** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ**

**______________ година** **м.п.**

**3783.**

Врз основа на членовите 158-ѕ точка 1) и 139 став (2) а во врска со член 138 став (1) од Законот за супервизија на осигурување од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 17.11.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР**

Член 1

Во Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер ("Службен весник на Република Македонија" бр.152/2017 и 36 /2019) во член 2 став (3) точката 1 се заменува со нова точка 1 која гласи:

"документ за лична идентификација – на увид;"

Член 2

Прилогот 1 – Образец Б-ЛБ се заменува со нов Прилог 1 – Образец Б-ЛБ кое е даден во прилог на овој правилник и е негов составен дел.

Член 3

(1) Започнатите постапки за добивање на лиценца до денот на започнување на примената на овој правилник ќе завршат согласно Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер ("Службен весник на Република Македонија" бр.152/2017 и 36 /2019).

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе изврши увид во документот за лична идентификација при постапките за добивање на лиценца за осигурителен брокер.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Образложение

Целта на измените на Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер е негово усогласување со одредбите на Законот за заштита на личните податоци и со Законот за личната карта.

Бр. 01-736/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти к
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ПРИЛОГ 1 – Образец Б-ЛБ**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## БАРАЊЕ[1]
## ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме на барателот** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која барателот се согласува да биде контактиран во врска со барањето** | |

Барам од Агенцијата за супервизија на осигурување да ми издаде лиценца за осигурителен брокер. Кон барањето ја приложувам документацијата согласно членот 2 став (3) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер освен документација која согласно со членот 2 став (4) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер се прибавува од службената евиденција на Агенцијата и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | Диплома или Уверение за завршено четиригодишно средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во Република Македонија или документ за признавање на странска средношколска или универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Македонија |
| 2. | Потврда за стекнато најмалку една година искуство од областа на осигурувањето или посредување во осигурувањето издадена од работодавец каде лицето го стекнало искуството, со наведување на работните задачи кои лицето ги извршувало и периодот на неговиот ангажман во субјектот |
| 3. | Договор за работа или друг вид на договор склучен со работодавецот со кој се докажува стекнатото искуство во областа на осигурувањето односно посредувањето во осигурување |
| 4. | Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка |
| 5. | Потврда од Централен регистар на Република Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите |
| 6. | Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела |

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на Барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

| | |
|---|---|
| | фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;[2] |
| 7. | Доказ за платен надоместок за издавање лиценца за осигурителен брокер согласно Тарифникот на Агенцијата |
| 8. | Потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици * |
| 9. | Извод од матична канига на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме** |

**Документите означени со (*) ги поднесува лице кое школувањето го завршило во странство**
**Документите означени со (**) ги поднесува лице кај кое личното име и презиме на документите приложени кон барањето не е идентично со оние наведени во барањето**

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање Изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам/е кон барањето за издавање лиценца за осигурителен брокер, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во барањето за добивање лиценца за осигурителен брокер да се користат за целите на издавање на лиценца за осигурителен брокер согласно Законот за супервизија на осигурување. Со поднесување на ова барање се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат во постапка на остварување на правото за прибавување на потребни докази и податоци од други надлежни јавни органи по службена должност .

**Датум и место на поднесување** **Потпис на подноситителот на барањето**

**_____.______20____ година,_____________** **________________________________**

---

[2] Агенцијата по службена должност од надлежен суд ќе ја прибави потврдата согласно членот 2, став (3) точка 6 од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер (доколку истата не е поднесена од барателот)

**3784.**

Врз основа на членовите 158-ѕ точка 1) и 134-г став (4) а во врска со член 134-в став (2) од Законот за супервизија на осигурување од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020) Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 17.11.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ЗАСТАПНИК ВО ОСИГУРУВАЊЕТО**

Член 1

Во Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето ("Службен весник на Република Македонија" бр.152/2017 и 36 /2019) во член 2 став (3) точката 1 се заменува со нова точка 1 која гласи:

"документ за лична идентификација – на увид;"

Член 2

Прилогот 1 – Образец Б-ЛЗ се заменува со нов Прилог 1 – Образец Б-ЛЗ а Прилогот 2 – Образец Б-ЛЗ/промена се заменува со нов Прилог 2 – Образец Б-ЛЗ/промена кои се дадени во прилог на овој правилник и се негов составен дел.

Член 3

(1) Започнатите постапки за добивање на лиценца до денот на започнување на примената на овој правилник ќе завршат согласно Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето ("Службен весник на Република Македонија" бр.152/2017 и 36 /2019).

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување врши увид во документот за лична идентификација при постапките за добивање на лиценца за застапник во осигурувањето.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Образложение

Целта на измените на Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето е негово усогласување со одредбите на Законот за заштита на личните податоци и со Законот за личната карта.

Бр. 01-737/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти ка
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-t
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ПРИЛОГ 1 – Образец Б-ЛЗ**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## БАРАЊЕ[1]
## ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ЗАСТАПНИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Име и презиме на барателот | |
| 2. | Датум и место на раѓање (од лична карта) | |
| 3. | Адреса на живеење (од лична карта) | |
| 4. | Татково име | |
| 5. | Адреса на електронска пошта (е-маил) на која барателот се согласува да биде контактиран во врска со барањето | |
| 6. | Контакт телефон (мобилен) | |

Барам од Агенцијата за супервизија на осигурување да ми издаде лиценца за застапник во осигурување. Кон барањето ја приложувам документацијата согласно членот 2 став (3) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување освен документација која согласно со членот 2 став (4) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување се прибавува од службената евиденција на Агенцијата и тоа (се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):

| | |
|---|---|
| 1. | Диплома или Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во Република Македонија или документ за признавање на странска средношколска или универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Македонија |
| 2. | Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка |
| 3. | Потврда од Централен регистар на Република Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите |
| 4. | Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сѐ додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;[2] |

---

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на Барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[2] Агенцијата по службена должност од надлежен суд ќе ја прибави потврдата согласно членот 2, став (3) точка 5 од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување (доколку истата не е поднесена од барателот)

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

| | |
|---|---|
| 5. | Договор за застапување во осигурување склучен со друштво за осигурување односно друштво за застапување во осигурување или договор за вработување склучен со друштво за застапување во осигурување односно банка која има согласност за вршење работи на застапувбање во осигурување од страна на Агенцијата |
| 6. | Доказ за платен надоместок за издавање лиценца за застапник во осигурување согласно Тарифникот на Агенцијата. |
| 7. | Потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Униврзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици * |
| 8. | Извод од матична канига на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме** |

**Документите означени со (*) ги поднесува лице кое школувањето го завршило во странство**
**Документите означени со (**) ги поднесува лице кај кое личното име и презиме на документите приложени кон барањето не е идентично со оние наведени во барањето**

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање Изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам/е кон барањето за издавање лиценца за застапник во осигурување, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во барањето за добивање лиценца за застапник во осигурување да се користат за целите на издавање на лиценца за застапник во осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување. Со поднесување на ова барање се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат во постапка на остварување на правото за прибавување на потребни докази и податоци од други надлежни јавни органи по службена должност .

**Датум и место на поднесување** **Потпис на подноистителот на барањето**

**_____.______20____ година,_____________** __________________________________

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти ка
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-t
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ПРИЛОГ 2 – Образец Б-ЛЗ/промена**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## БАРАЊЕ[1]
## ЗА ПРОМЕНА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ЗАСТАПНИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме на барателот** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **РБС на застапникот (од Регистарот на Агенцијата)** | |
| **6.** | **Број и датум на постојната лиценца за застапник** | |
| **7.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која барателот се согласува да биде контактиран во врска со барањето** | |
| **8.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |

Барам од Агенцијата за супервизија на осигурување да ми издаде нова лиценца за застапник во осигурување врз основа на склучениот нов/анекс договор за застапување во осигурување со ______________________________(се наведува називот на друштото за осигурување, друштвото за застапување во осигурување или банката).

Кон барањето ја приложувам документацијата согласно членот 2 став (3) а во врска со членот 3 став (2) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување освен документација која согласно со членот 2 став (4) од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување се прибавува од службената евиденција на Агенцијата и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка |
| 2. | Потврда од Централен регистар на Република Македонија или друг јавен регистар дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите |
| 3. | Потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека лицето не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата, за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик;[2] |

---

[1] Се препорачува Барањето да се пополнува електронски. Електронска верзија на Барањето може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Барањето не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[2] Агенцијата по службена должност од надлежен суд ќе ја прибави потврдата согласно членот 2, став (3) точка 5 од Правилникот за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурување (доколку истата не е поднесена од барателот)

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

| | |
|---|---|
| 4. | Договор за застапување во осигурување или Анекс кон Договор за застапување во осигурување склучен со друштво за осигурување односно друштво за застапување во осигурување или договор за вработување склучен со друштво за застапување во осигурување односно банка која има согласност за вршење работи на застапувбање во осигурување од страна на Агенцијата |
| 5. | Потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици * |
| 6. | Извод од матична книга на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме** |

**Документите означени со (*) ги поднесува лице кое школувањето го завршило во странство**
**Документите означени со (**) ги поднесува лице кај кое личното име и презиме на документите приложени кон барањето не е идентично со оние наведени во барањето**

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на ова барање Изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи ова барање, како и целата документација која ја доставувам/е кон барањето за издавање лиценца за застапник во осигурување, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во ова барање, како и во документацијата доставена во прилог кон ова барање, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во барањето за добивање лиценца за застапник во осигурување да се користат за целите на издавање на лиценца за застапник во осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување. Со поднесување на ова барање се согласувам моите лични податоци содржани во ова барање да се користат во постапка на остварување на правото за прибавување на потребни докази и податоци од други надлежни јавни органи по службена должност .

**Датум и место на поднесување** **Потпис на подноситетот на барањето**

**_____.______20____ година,____________** **________________________________**

______________________________________________________

**3785.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1), член 154-в, член 154-д став (4), член 154-е, член 154-ж, член 154-м став (3), член 154-н став (4), член 154-њ став (1) и член 154-ќ став (2) од Законот за супервизија на осигурување од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019 и 31/2020) Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 17.11.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И УСЛОВИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИ РАБОТИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и условите за проведување на обука и полагање на стручен испит за вршење осигурително брокерски работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.47 /2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 35/2020) во член 6 став (4) точката 1 се заменува со нова точка 1 која гласи:

"документ за лична идентификација – на увид;"

Член 2

Прилогот 1 - Образец П-ОСИБ се заменува со нов Прилог 1 - Образец П-ОСИБ а Прилогот 2 - Образец П-ОСИЗ/Formular T- PPB се заменува со нов Прилог 2 - Образец П-ОСИЗ/Formular T- PPB P, кои се дадени во прилог на овој правилник и се негов составен дел.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Образложение

Целта на измените на Правилникот за начинот, постапката и условите за проведување на обука и полагање на стручен испит за вршење осигурително брокерски работи е негово усогласување со одредбите на Законот за заштита на личните податоци и со Законот за личната карта.

Бр. 01-738/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ПРИЛОГ 1 – Образец П-ОСИБ**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# ПРИЈАВА[1]

## ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БРОКЕР

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| **4.** | **Татково име** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со пријавата** | |

Се пријавувам за учество на обука и полагање на стручен испит за брокер. Кон пријавата ја приложувам документацијата согласно членот 6 став (2) од Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за брокер и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски)*:

| | |
|---|---|
| 1. | Диплома или Уверение за завршено четиригодишно средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во Република Македонија – во оригинал или нотарски заверена копија[2] |
| 2. | Доказ за платен надоместок за учество на обука и полагање на стручен испит за брокер согласно Тарифникот на Агенцијата. |

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на оваа пријава изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи оваа пријва, како и целата документација која ја доставувам кон пријавата, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во оваа пријава, како и во документацијата доставена во прилог кон оваа пријава, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во оваа пријава да се користат за целите на учество на обуката и полагање на стручен испит за брокер согласно Законот за супервизија на осигурување.

**Датум и место на поднесување** **Потпис на подноссителот на пријавата**

**_____.______20____ година,** **___________________________________**

---

[1] Се препорачува Пријавата да се пополнува електронски. Електронска верзија на Пријавата може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Пријавата не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[2] Доколку лицето школувањето го завршил во странство потребно е кон пријавата да достави Диплома/Уверение за завршено четиригодишно средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во странство заедно со документ за признавање на странска средношколска или универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

**ПРИЛОГ 1 – Образец П-ОСИВ**
**ANEKSI 1 – Formulari P -TPPB**

**ПРИЈАВА[1]**
**ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БРОКЕР**
**KËRKESË[1]**
**PËR PJESËMARRJE NË TRAJNIMIN DHE PROVIMIN PROFESIONAL PËR BROKER**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме**<br>**Emri dhe mbiemri** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)**<br>**Data dhe vendi i lindjes (sipas letërnjoftimit)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)**<br>**Adresa e vendbanimit (sipas letërnjoftimit)** | |
| **4.** | **Татково име/ Atësia** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)**<br>**Telefon për kontakt (celular)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со пријавата**<br>**Adresa e postës elektronike (e-mail) në të cilën personi pajtohet që të kontaktojë lidhur me aplikimin** | |

Се пријавувам за учество на обука и полагање на стручен испит за брокер. Кон пријавата ја приложувам документацијата согласно членот 6 став (2) од Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за брокер и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

Aplikoj për pjesëmarrje në trajnimin dhe provimin profesional për broker. Në dokumentin e aplikimit e bashkangjit edhe dokumentacionin në pajtim me nenin 6 paragrafi (2) nga Rregullorja për mënyrën, procedurën dh kushtet për zbatimin e trajnimit dhe dhënien e provimit profesional për broker dhe kjo (finalizohet nëse plotësohet në mënyrë elektronike)

[1] Се препорачува Пријавата да се пополнува електронски. Електронска верзија на Пријавата може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Пријавата не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

Rekomandohet që Kërkesa për aplikim të plotësohet në mënyrë elektronike. Versioni elektronik i Kërkesës është në faqen zyrtare të internetit të Agjencisë për Mbikëyrje të Sigurimeve www.aso.mk. Nëse Kërkesa nuk plotësohet në formë elektronike ,duhet të plotësohet patjetër me stilolaps dhe të shkruhet me shkronja të mëdha .

| | |
|---|---|
| 1. | Диплома или Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во Република Северна Македонија – во оригинал или нотарски заверена копија [2]<br>Diplomë ose Vërtetim për përfundimin e arsimit të mesëm ose arsimimit të lartë të dhënë nga institucioni i akredituar në Republikën e Maqedonisë së Veriut – origjinali ose kopje e noterizuar[2] |
| 2. | Доказ за платен надоместок за учество на обука и полагање на стручен испит за брокер согласно Тарифникот на Агенцијата.<br>Argument për kompensim të paguar për pjesëmarrje në trajnim dhe dhënien e provimit profesional për broker konform Listës së Tarifave të Agjencisë. |

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**
**DEKLARATË E PARASHTRUESIT TË KËRKESËS**

Со поднесување на оваа пријава изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи оваа пријава, како и целата документација која ја доставувам кон пријавата, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во оваа пријава, како и во документацијата доставена во прилог кон оваа пријава, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во оваа пријава да се користат за целите на учество на обуката и полагање на стручен испит за брокер согласно Законот за супервизија на осигурување.

Me parashtrimin e kësaj kërkese deklaroj se të dhënat dhe informacionet që i përmban kjo kërkesë, si dhe i gjithë dokumentacioni të cilin e parashtroj bashkë me Kërkesën, janë të sakta dhe nuk përmbajnë të dhëna dhe dokumente të falsifikuara, ndërsa në rast të ndryshimit të të dhënave që janë në këtë kërkesë, si dhe të dokumentacionit të parashtruar në bashkangjitje të kësaj kërkese, për ndryshimin e bërë do ta njoftoj Agjencinë në afat kohor prej 3 ditë pune. Pajtohem që të dhënat e mia personale të cilat janë në këtë kërkesë të përdoren për qëllimet për pjesëmarrje në trajnimin dhe provimin profesional për broker sipas Ligjit të Mbikëqyrjes së Sigurimeve.

**Датум и место на поднесување**
**Data dhe vendi i parashtrimit**

**_____._____20____ година/viti,**

**Потпис на подноститетлот на пријавата**
**Nënshkrimi i parashtruesit të kërkesës**

______________________________

[2] Доколку лицето школувањето го завршил во странство потребно е кон пријавата да достави Диплома/Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во странство заедно со документ за признавање на странска средношколска или универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Македонија.
Nëse personi shkollimin e ka përfunduar jashtë vendit nevojitet që bashkë me kërkesën të parashtrojë edhe Diplomë/Vërtetim për përfundimin e arsimit të mesëm ose arsimit të lartë të dhënë nga institucioni arsimor i akredituar jashtë vendit së bashku me dokumentin për njohjen e kualifikimit të arsimit të mesëm apo të lartë jashtë vendit të lëshuar nga ana e institucionit kompentent në Republikën e Maqedonisë.

**3786.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1), член 154-г, член 154-д став (4), член 154-е, член 154-ж, член 154-м став (3), член 154-н став (4), член 154-њ став (1) и член 154-ќ став (2) од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/2019 и 31/2020) Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 17.11.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И УСЛОВИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и условите за проведување на обука и полагање на стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 47 /2019 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.35/2020) во член 6 став (4) точката 1 се заменува со нова точка 1 која гласи:

“документ за лична идентификација – на увид;”

Член 2

Прилогот 1 - Образец П-ОСИЗ се заменува со нов Прилог 1 - Образец П-ОСИЗ а Прилогот 2 - Образец П-ОСИЗ/Formular T-PPP се заменува со нов Прилог 2 - Образец П-ОСИЗ/Formular T-PPP, кои се дадени во прилог на овој правилник и се негов составен дел.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

Целта на измените на Правилникот за начинот, постапката и условите за проведување на обука и полагање на стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување е негово усогласување со одредбите на Законот за заштита на личните податоци и со Законот за личната карта.

Бр. 01-739/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**ПРИЛОГ 1 – Образец П-ОСИЗ**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## ПРИЈАВА[1]
## ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ЗАСТАПНИК

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Име и презиме** | |
| 2. | **Датум и место на раѓање (од лична карта)** | |
| 3. | **Адреса на живеење (од лична карта)** | |
| 4. | **Татково име** | |
| 5. | **Контакт телефон (мобилен)** | |
| 6. | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со пријавата** | |

Се пријавувам за учество на обука и полагање на стручен испит за застапник. Кон пријавата ја приложувам документацијата согласно членот 6 став (2) од Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

| | |
|---|---|
| 1. | Диплома или Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во Република Македонија – во оригинал или нотарски заверена копија [2] |
| 2. | Доказ за платен надоместок за учество на обука и полагање на стручен испит за застапник согласно Тарифникот на Агенцијата. |

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

Со поднесување на оваа пријава изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи оваа прија, како и целата документација која ја доставувам кон пријавата, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во оваа пријава, како и во документацијата доставена во прилог кон оваа пријава, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во оваа пријава да се користат за целите на учество на обуката и полагање на стручен испит за застапник во осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување..

[1] Се препорачува Пријавата да се пополнува електронски. Електронска верзија на Пријавата може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Пријавата не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

[2] Доколку лицето школувањето го завршил во странство потребно е кон пријавата да достави Диплома/Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во странство заедно со документ за признавање на странска средношколска или универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

**ПРИЛОГ 1 – Образец П-ОСИЗ**
**ANEKSI 1 – Formulari P -TPPP**

**ПРИЈАВА[1]**
**ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ЗАСТАПНИК**
**KËRKESË[1]**
**PËR PJESËMARRJE NË TRAJNIMIN DHE PROVIMIN PROFESIONAL PËR PËRFAQËSUES**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Име и презиме**<br>**Emri dhe mbiemri** | |
| **2.** | **Датум и место на раѓање (од лична карта)**<br>**Data dhe vendi i lindjes (sipas letërnjoftimit)** | |
| **3.** | **Адреса на живеење (од лична карта)**<br>**Adresa e vendbanimit (sipas letërnjoftimit)** | |
| **4.** | **Татково име/ Atësia** | |
| **5.** | **Контакт телефон (мобилен)**<br>**Telefon për kontakt (celular)** | |
| **6.** | **Адреса на електронска пошта (е-маил) на која лицето се согласува да биде контактиран во врска со пријавата**<br>**Adresa e postës elektronike (e-mail) në të cilën personi pajtohet që të kontaktojë lidhur me aplikimin** | |

Се пријавувам за учество на обука и полагање на стручен испит за застапник. Кон пријавата ја приложувам документацијата согласно членот 6 став (2) од Правилникот за начинот, постапката и условите за спроведување на обука и полагање на стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување и тоа *(се заокружува односно означува доколку се пополнува електронски):*

Aplikoj për pjesëmarrje në trajnimin dhe provimin profesional për përfaqësues. Në dokumentin e aplikimit e bashkangjit edhe dokumentacionin në pajtim me nenin 6 paragrafi (2) nga Rregullorja për mënyrën, procedurën dh kushtet për zbatimin e trajnimit dhe dhënien e provimit profesional për kryerjen e aktivitetit për përfaqësim në sigurim dhe kjo (finalizohet nëse plotësohet në mënyrë elektronike)

[1] Се препорачува Пријавата да се пополнува електронски. Електронска верзија на Пријавата може да се најде на официјалната интернет-страница на Агенцијата за супервизија на осигурување www.aso.mk. Доколку Пријавата не се пополнува електронски, задолжително треба да се користи пенкало и да се пишува со големи букви.

Rekomandohet që Kërkesa për aplikim të plotësohet në mënyrë elektronike. Versioni elektronik i Kërkesës është në faqen zyrtare të internetit të Agjencisë për Mbikëyrje të Sigurimeve www.aso.mk. Nëse Kërkesa nuk plotësohet në formë elektronike ,duhet të plotësohet patjetër me stilolaps dhe të shkruhet me shkronja të mëdha .

| | |
|---|---|
| 1. | Диплома или Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во Република Северна Македонија – во оригинал или нотарски заверена копија [2]<br>Diplomë ose Vërtetim për përfundimin e arsimit të mesëm ose arsimimit të lartë të dhënë nga institucioni i akredituar në Republikën e Maqedonisë së Veriut – origjinali ose kopje e noterizuar[2] |
| 2. | Доказ за платен надоместок за учество на обука и полагање на стручен испит за застапник согласно Тарифникот на Агенцијата.<br>Argument për kompensim të paguar për pjesëmarrje në trajnim dhe dhënien e provimit profesional për përfaqësues konform Listës së Tarifave të Agjencisë. |

**ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**
**DEKLARATË E PARASHTRUESIT TË KËRKESËS**

Со поднесување на оваа пријава изјавувам дека податоците и информациите што ги содржи оваа пријва, како и целата документација која ја доставувам кон пријавата, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи а во случај на промена на податоците содржани во оваа пријава, како и во документацијата доставена во прилог кон оваа пријава, во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Се согласувам моите лични податоци содржани во оваа пријава да се користат за целите на учество на обуката и полагање на стручен испит за застапник во осигурување согласно Законот за супервизија на осигуирување.

Me parashtrimin e kësaj kërkese deklaroj se të dhënat dhe informacionet që i përmban kjo kërkesë, si dhe i gjithë dokumentacioni të cilin e parashtroj bashkë me Kërkesën, janë të sakta dhe nuk përmbajnë të dhëna dhe dokumente të falsifikuara, ndërsa në rast të ndryshimit të të dhënave që janë në këtë kërkesë, si dhe të dokumentacionit të parashtruar në bashkangjitje të kësaj kërkese, për ndryshimin e bërë do ta njoftoj Agjencinë në afat kohor prej 3 ditë pune. Pajtohem që të dhënat e mia personale të cilat janë në këtë kërkesë të përdoren për qëllimet për pjesëmarrje në trajnimin dhe provimin profesional për përfaqësues në sigurime sipas Ligjit të Mbikëqyrjes së Sigurimeve.

| | |
|---|---|
| **Датум и место на поднесување**<br>**Data dhe vendi i parashtrimit** | **Потпис на подностителот на пријавата**<br>**Nënshkrimi i parashtruesit të kërkesës** |
| **_____._______20____ година/viti,** | ___________________________ |

[2] Доколку лицето школувањето го завршил во странство потребно е кон пријавата да достави Диплома/Уверение за завршено средно образование или друг повисок степен на образование издадена од образовна институција акредитирана во странство заедно со документ за признавање на странска средношколска или универзитетска квалификација издадена од страна на надлежна институција во Република Македонија.
Nëse personi shkollimin e ka përfunduar jashtë vendit nevojitet që bashkë me kërkesën të parashtrojë edhe Diplomë/Vërtetim për përfundimin e arsimit të mesëm ose arsimit të lartë të dhënë nga institucioni arsimor i akredituar jashtë vendit së bashku me dokumentin për njohjen e kualifikimit të arsimit të mesëm apo të lartë jashtë vendit të lëshuar nga ana e institucionit kompentent në Republikën e Maqedonisë.

**3787.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) а во врска со член 66 став (2), член 129 став (2), (3) и (4) и член 134-ж став (3), (4) и (5) од Законот за супервизија на осигурување од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/2019 и 31/2020) Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 17.11.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ПОТРЕБНА ЗА ДОБИВАЊЕ СОГЛАСНОСТИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 246/2019) во член 3 став (4) точката 2 се брише.

Точките 3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17 и 18 стануваат точки 3, 4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15, 16 и 17.

Член 2

(1) Започнатите постапки за добивање на согласности до денот на започнување на примената на овој правилник ќе завршат согласно Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 246/2019).

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата за супервизија на осигурување ќе изврши увид во документот за лична идентификација при постапките за добивање на согласности.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Образложение

Целта на измените на Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности е негово усогласување со одредбите на Законот за заштита на личните податоци и со Законот за личната карта.

Бр. 01-740/1
17 ноември 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3788.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 235 ставови (2) и (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 и 246/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 ноември 2020 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/13 и 15/17), издадена на Друштвото за продажба на енергија ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје, Прилог 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел од оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по службена должност поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 07-130/13
19 ноември 2020 година
Скопје

Регулаторна комисија за
енергетика и водни услуги на
Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА
ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за продажба на енергија ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар Партизански Одреди бр.15А/1 Скопје-Центар, Република Северна Македонија

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Снабдување со електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 29 јули 2013 година

**4. Датум на важење на лиценцата:** 29 јули 2023 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-СНАБ-137-2013

**6. Единствен матичен број:** 6215092

**7. Единствен даночен број:** 4030007630736

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Како снабдување со електрична енергија во смисла на оваа лиценца, се смета набавување на електрична енергија од земјата и од странство, заради продажба на потрошувачи, трговци, други снабдувачи, операторот на електропреносниот или операторите на електродистрибутивните системи како и на други учесници на пазарот на електрична енергија согласно член 100 од Законот за енергетика*.

**9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**

Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на електрична енергија и договори за закупување на преносен и/или дистрибутивен капацитет.

**10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Енергетската дејност снабдување со електрична енергија, носителот на лиценцата ќе ја врши на целата територија на Република Северна Македонија и странство.

**11. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди непречена и континуирана испорака на електрична енергија согласно купопродажните договори,
- обезбеди од операторите соодветен преносен и/или дистрибутивен капацитет во согласност со важечките тарифи, правилата за пазар на електрична енергија, мрежните правила за пренос и мрежните правила за дистрибуција за електричната енергија која се обврзал да ја испорача на своите потрошувачи,
- им фактурира на своите потрошувачи надоместок за испорачаната електрична енергија по договорната цена како и надоместок за користење на пазарот на електрична енергија. Доколку снабдувачот има склучено договор со операторот на дистрибутивниот систем, согласно членот 93 став (5) од Законот за енергетика*, снабдувачот на електрична енергија на своите потрошувачи ќе им ги фактурира и надоместоците за користење на преносниот и/или дистрибутивниот систем. Фактурирањето се врши врз основа на мерењата за потрошената активна и/или реактивна електрична енергија и за ангажираната електрична моќност, извршени од соодветниот оператор на системот,
- работи во согласност со правилата за снабдување со електрична енергија и правилата за пазар на електричната енергија,
- ги исполни своите обврски кон потрошувачите во однос на сигурноста и обемот на снабдувањето,
- обезбеди за своите потрошувачи услуга со квалитет утврден во правилата за снабдување со електрична енергија,
- обезбеди недискриминаторен третман на сите потрошувачи, а особено за потрошувачите од оддалечените подрачја,
- ги објави на својата веб страница општите услови на своите договори за снабдување со електрична енергија за малите потрошувачи и домаќинствата,
- овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за електрична енергија, за да можат да управуваат со својата потрошувачка,
- овозможи промена на снабдувач на транспарентен и недискриминаторен начин, без трошоци за потрошувачот, во рок не подолг од три недели од денот кога потрошувачот доставил барање за снабдување до новиот снабдувач со електрична енергија,
- обезбеди при секоја промена на снабдувач со електрична енергија, потрошувачот да добие конечно затворање на сметката во рок од шест недели од настанувањето на промената на снабдувачот,
- воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена, вкпучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,
- ги плати набавените количини на електрична енергија, како и резервираниот капацитет и регулираните услуги од операторот на електропреносниот систем и/или операторите на електродистрибутивните системи,
- доставува до операторот на електропреносниот систем податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на електрична енергија за своите потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите,
- ги објавува општите статистички податоци поврзани со неговите потрошувачи, земајќи ја предвид заштитата на доверливоста,
- ги плати набавените количини на електрична енергија, како и закупените капацитети и соодветните регулирани услуги од операторите на електропреносниот систем и/или на дистрибутивните системи и операторот на пазарот на електрична енергија,
- достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, по нејзино барање и во определен рок, информации и извештаи за своите трансакции и деловните активности што произлегуваат, завршуваат или поминуваат на територијата на Република Северна Македонија,
- обезбеди соодветен стручен кадар за вршење на енергетска дејност снадбување со електрична енергија,
- обезбеди соодветна компјутерска и телекомуникациска опрема за издавање и контрола на сметките и комуникација со потрошувачите,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
